# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.42 од 03.03.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14 и 28/14), во членот 47 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:
"(7) Во случаите кога основниот проект за линиски инфраструктурни градби е изработен пред одобрување на проектот за инфраструктура, усогласеноста на истиот со проектот за инфраструктура се потврдува во извештајот за ревизија на основниот проект, од страна на правното лице кое врши ревизија на основниот проект."

**Член 2**

Во членот 59 став (2) алинејата 1 се брише.
Во алинејата 2 зборовите "државната односно локалната урбанистичка планска документација" се заменуваат со зборовите "урбанистичко-планската документација".
Ставовите (8), (9), (10) и (11) се менуваат и гласат:
"(8) Надлежниот орган од член 58 на овој закон е должен во рок од пет работни дена од приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали барањето е комплетно, дали доставената документација има недостатоци, дали основниот проект е изработен во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација или проектот за инфраструктура и дали барателот е единствен носител на правото на градење. Доколку кон барањето е доставен основен проект и позитивен извештај за ревизија на основниот проект, надлежниот орган е должен веднаш по приемот на барањето да постапи согласно со членот 59-в од овој закон.
(9) По спроведувањето на дејствијата од ставот (8) на овој член, доколку се утврди дека доставената документација е комплетна, исполнети се условите од ставот (8) на овој член и е добиено позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 59-в од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект, надлежниот орган е должен да постапи согласно со ставот (11) на овој член, а во спротивно е должен да донесе заклучок за прекинување на постапката со кој ќе го задолжи барателот да ги отстрани констатираните недостатоци и да го дополни барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.
(10) Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во рокот од ставот (9) на овој член, надлежниот орган е должен да донесе решение за одбивање на барањето за одобрение за градење, а доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци, го дополни барањето во рокот од ставот (9) на овој член, а во рокот од ставот (8) на овој член било добиено позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 59-в од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект, надлежниот орган е должен да постапи согласно со ставот
(11) на овој член. Доколку некој од субјектите во рокот од ставот (8) на овој член имале дадено забелешки на основниот проект, надлежниот орган е должен веднаш по извршената дополна на барањето од страна на барателот да достави барање за повторен увид во основниот проект до субјектите од членот 59-в од

овој закон кои имале дадено забелешки на истиот, со цел истите да утврдат дали е постапено по претходно дадените забелешки.
(11) Доколку доставената или дополнетата документација е комплетна се исполнети условите од ставот (8) на овој член и добиено е позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 58-в од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект, надлежниот орган е должен во рок од два дена комплетирањето на документација или од приемот на позитивното мислење, односно согласност да го завери основниот проект и да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште. За градбите од прва категорија надлежниот орган по заверката на основниот проект истиот го доставува до соодветната општина заради изготвување на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште.Барателот е должен надоместокот за уредување на градежно земјиште да го плати или да го уреди плаќањето на начин утврден во ставот (12) на овој член, во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето со пресметка за плаќање на надоместокот."

**Член 3**

Во членот 59-а став (1) алинеја 1 точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: "кој е составен дел на геодетскиот елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште".
Во алинејата 8 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "кој е составен дел на геодетскиот елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште."

**Член 4**

Членот 59-в се менува и гласи:
"(1) Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен да достави барање за увид во основниот проект до субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна и канализациона инфраструктура, веднаш по приемот на барањето за одобрение за градење, доколку кон истото е доставен основен проект и позитивен извештај за ревизија на основниот проект, а доколку со барањето за одобрение за градење не биле доставени основен проект и позитивен извештај за ревизија и постапката била прекината согласно со член 59 став (9) од овој закон, веднаш по извршената дополна на барањето.
(2) Субјектот надлежен за електроенергетска инфраструктура е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето за увид да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот може да се приклучи на соодветниот електроенергетски систем.
(3) Субјектот надлежен за водоводна и канализациона инфраструктура е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето за увид да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот може да се приклучи на водоводниот иканализационен систем.
(4) Доколку со основниот проект се предвидува приклучување на објектот на топловодна и гасоводна инфраструктура, надлежниот орган од членот 58 од овој закон, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект досубјектите надлежни за топловодна и гасоводна инфраструктура, кои се должни во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да извршат увид во основниот проект и да достават мислење дали објектот може да се приклучи на топловодната и гасоводната инфраструктура.
(5) Доколку се работи за изградба на магацини за складирање на експлозивни материи, магацини, склад или резервоар за складирање на запални течности и гасови, преточувалиште, станица за снабдување со гориво, нафтовод или гасовод, вклучувајќи го складот, постројката или уредот што е технолошки сврзан

со нафтоводот или гасоводот, надлежниот орган од членот 58 од овој закон во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на внтарешните работи, кој е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.
(6) Доколку се работи за изградба на градби за кои основниот проект согласно со членот 47 став (5) од овој закон содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, надлежниот орган од членот 58 од овој закон, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект и до Дирекцијата за заштита и спасување, која е должна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност на елаборатот или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.
(7) Доколку се работи за изградба на електронски комуникациски мрежи и средства, надлежниот орган од членот 58 од овој закон, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект и до Агенцијата за електронски комуникации, која е должна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.
(8) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член не постапат согласно со овој член се смета дека немаат забелешки и ако поради нивното непостапување во иднина настанат штети, обврската за надомест на штета ќе биде на товар на субјектот чие непостапување ја предизвикало штетата.
(9) Субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член кои доставиле забелешки на основниот проект се должни да проверат дали е постапено по претходно дадените забелешки од страна на барателот, во рок од два работни дена од денот на приемот на барањето за повторен увид во основниот проект кое е доставено од страна на надлежниот орган од членот 58 од овој закон.
(10) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член постапувајќи согласно со ставот (9) на овој член и по извршената проверка повторно имале забелешки на основниот проект, односно дале негативно мислење или не дале согласност, надлежниот орган донесува решение за одбивање на барањето за одобрение за градење.
(11) Барањето за увид во основниот проект, мислењето или согласноста односно забелешките се доставуваат во електронска форма, преку информацискиот систем е-одобрение за градење, на начин утврден со прописот од членот 59-е став (2) од овој закон."

**Член 5**

Во членот 59-е по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
"(4) Начинот на постапување на администраторот во информацискиот систем е-одобрение за градење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредување на просторот."

**Член 6**

Во членот 88 став (3) по зборовите: "железнички пруги" се става запирка и се додава зборот "гасоводи".

**Член 7**

По членот 128-а се додава нов член 128-б, кој гласи:

**„Член 128-б**

(1) Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има најмалку пет години работно искуство;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

**Член 8**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам именуван до денот на започнувањето на примената на членот 7 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 9**

Одредбите на членот 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Подзаконскиот акт предвиден со членот 5 од овој закон, ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".